Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневните настани 18.11.2024

На 17.11.2024 во 12.50 часот, полициски службеници од Гостивар се недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес го лишиле од слобода К.Р.(54) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, пиротехнички средства и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. К.Р. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.11.2024 во 21.30 часот во СВР Штип, од Казнено – поправната установа Затвор Штип било пријавено дека кај осуденото лице Е.А.(21) од Кочани била пронајдена прашкаста материја и други предмети. Полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип излегле на местото, при што пронашле и одзеле прашкаста материја и повеќе таблети. Пронајденото било одземено и дадено на вештачење, а по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.11.2024 во 18.30 часот во СВР Битола, од Казнено - поправната установа Затвор Битола било пријавено дека при влез во затворено одделение била пронајдена бела прашкаста материја, која му припаѓала на затвореникот Д.Е.(23) од Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 17.11.2024 во 17.50 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на ул.„Светозар Марковиќ" во Делчево, патничко возило „шкода" со делчевски регистарски ознаки, управувано од З.О.(48), удрило во пешакот Т.А.(57), двајцата од Делчево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила пешакот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 17.11.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„20" во с.Сарај, скопско, патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Ј.(58) од с.Глумово, скопско, удрило во С.С.(51) од с.Сарај. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.С., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (18.11.2024) во 01.05 часот во Полициската станица Шуто Оризари, П.К.(52) од Скопје пријавил дека на ул.„Јужноморавски бригади" на Скопје бил каснат од куче скитник.
Денеска (18.11.2024) во 00.10 часот во Полициската станица Гази Баба, А.М.(18) од село Идризово, скопско, пријавил дека во паркот на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2024 во 09.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, В.М.(68) од Скопје пријавила дека на ул.„Нов живот" во Скопје била касната од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.Т.(49) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". Тој, во периодот од 08.07.2021 до 07.08.2024, во својство на директор на ЈЗУ Општа болница- Кичево, со намера да се стекне со противправна имотна корист, неовластено присвоил ехо апарат M9 Mindray, кој му бил доверен во службата, како донација од Министерство за труд и социјална политика во вредност од 2.134.482 денари.

На 17.11.2024 во 13.45 часот, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода А.С.(66) од с.Форино, гостиварско. Тој се сомнини дека претходно во с.Форино, по краткa расправија поради нерасчистен долг, со пиштол пукал кон Ј.Л.(35) од с.Чегране, гостиварско, кој бил пренесен во Медицински центар во Гостивар за укажување помош. Од него бил одземен пиштол „Бровинг" 7,65 милиметри и рамка со четири куршуми. По документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 17.11.2024 во 21.00 часот во скопско село, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода О.В.(18) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека околу 20.20 часот во семејниот дом агресивно се однесувал, оштетил дел од покќнината и со вратата и ја потиснал раката на неговата 43-годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.11.2024 во 18.40 часот во СВР Скопје, Н.А.(54) од Скопје пријавил дека пред неговата куќа на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање околу нерасчистени имотно-правни односи, бил физички нападнат од С.Љ.(28) од Скопје, кој употребил и остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.11.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, С.И.(34) и С.И.(25), двете од Скопје, пријавиле дека во угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром физички биле нападнати од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2024 во 14.30 часот во СВР Скопје, И.П.(21) од Скопје пријавил дека околу 02.20 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар во Скопје, тој и неговите пријатели А.Х.(20) и Н.Ѓ. биле физички нападнати од две лица од обезбедувањето во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, И.С.(45) од с.Идризово, скопско, пријавил дека на 16.11.2024 околу 23.00 часот во с.Јурумлери, скопско, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (18.11.2024) во СВР Скопје, 69-годишен маж од Скопје пријавил дека на 15.11.2024 околу 11.30 часот во семејниот дом на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од неговиот син Ѓ.П.(39) од Скопје. Лицето било спроведено во здравствена установа.

На 17.11.2024 во 12.30 часот во СВР Скопје, Х.Д.(44) од Скопје пријавила дека околу 11.50 часот на автобуска постојка на подрачјето на Карпош, едно лице со употреба на сила и одзело паричник со лични документи, пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2024 во 14.10 часот во СВР Скопје, Н.Б.(34) од Скопје пријавил дека на 16.11.2024 пред неговиот дом на подрачјето на Карпош, најверојатно од затапкано зрно од огнено оружје, била оштетена задната врата на паркирано патничко возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2024 во 22.36 часот во СВР Штип било пријавено дека во домот се вратила С.М.(13) од Штип, за која на 16.11.2024 нејзината мајка Е.М.(41) од Штип пријави дека се одвалечила од домот.

На 17.11.2024 во 14.30 часот во Полициската станица Велес, Т.К.(84) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2024 во 15.30ч во Полициската станица Велес, Г.М.(49) од село Башино село, велешко, пријавил дека на фудбалското игралиште во селото, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Ѓ.М. (33) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 29.08.2024 во Македонска Каменица, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиротехнички средства, додека во неговото дворно место биле пронајдени остатоци од употребени пиротехнички средства.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Н.(20), А.Н.(19) и А.Д.(36), сите Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „учество во тепачка". На 26.09.2024 во Штип, пријавените физички го нападнале Р.Н.(42) од Штип и му нанеле тешки телесни повреди.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против О.Ф.(24) и А.С.(46), двајцата од с.Старо Балдовци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 23.10.2024 во атар на с.Чанаклија, со патничко возило „фолксваген пасат" го попречиле патот на службеното возило на шумска полиција и на тој начин ги спречиле вработените во шумска полиција да преземат мерки кон лице кое управувало товарно возило „застава" натоварено со огревни дрва.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против малолетник од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" и против З.М.(37) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 20.09.2024, првопријавениот испратил порака со заканувачка содржина на Р.А. од телефон и број, кој го купил со помош на второпријавениот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Р.(39) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" во врска со семејно насилство. На 03.08.2024 во угостителски објект во тетовско, поради нарушени семејни односи, пријавениот упатувал закани на неговиот брат.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.А.(41) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 19.08.2024 во с.Боговиње, тетовско, пријавениот со пиштол му се заканил на Ф.И..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Х.(63) од тетовско, директор на основно училиште во с.Слатино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување" и против Г.Ш.(42) од тетовско, вработен во Агенцијата за вработување, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Првопријавениот, во период од 02.09.2024 до 19.09.2024, без претходно добиена согласност од општина Теарце, ангажирал две лица како наставници, со што постапил спротивно на член 9 ст.4 од Законот за наставници и стручни соработници во основни и средни училишта. Второпријавениот, на 02.09.2024 во системот за вработување ги пријавил горенаведените наставници, додека согласност за вработување од општина Теарце им пристигнала на 19.09.2024.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ф.С.(72) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 24.09.2024, пријавениот како закупец склучил договор со правно лице од Штип, со кој му било дадено на користење патничко возило „цитроен ц3" со времетраење од два дена, кој по истекот на договорот го присвоил возилото и го користел без важечки договор.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Куманово поднесе кривична пријава против К.Н.(27) од Република Австрија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 13.11.2024 во с.Табановце, кумановско, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што биле пронајдени осум мигранти од Сирија. Притоа, тој се обидел да побегне, но бил фатен и приведен.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Гевгелија поднесе кривична пријава против У.Х.(61) од Косово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 13.11.2024 во с. Богородица, гевгелиско, полициски службеници извршиле контрола во патничко возило „фиат добло", при што биле пронајдени 10 лица мигранти од Сирија.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Куманово поднесе кривична пријава против Ф.Т.(53) од Република Австрија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 13.11.2024 на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го привеле пријавениот затоа што приложил фалсификувана австриска возачка дозвола.

СВР Битола поднесе кривична пријава против З.Ц.(49) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во периодот од 03.10.2024 до 04.10.2024 пријавениот извршил девет трансакции со платежна картичка во сопственост на О.Д., која на 03.10.2024 била пријавена за изгубена.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Прилеп поднесе кривична пријава против А.К.(32) Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „поднесување лажни докази". Со намера да се стекне со нова патна исправа, а со цел да избегне одбивање на влез и да оствари влез и да престојува во Р. Швајцарија, пријавениот патната исправа ја пријавил за изгубена, а потоа ја оштетил и на 22.10.2024 во Одделението за управни работи Прилеп поднел барање за издавање дупликат патна исправа во која доставил изјава. Пријавениот претходно во повеќе наврати вршел предвремена замена на патните исправи, пријавувајќи ги како изгубена и оштетена.